**ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЈАВНОСТА ВО ВРСКА СО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА**

Предложените измени на Законот за експропријација не се никаква закана ниту за Топлификација АД, ниту за акционерите на Топлификација АД. Тоа е внесување и на третиот енергетски сектор покрај електричната енергија и природниот гас, снабдувањето со топлинска енергија, во Законот за експропријација, по основ на тоа што и снабдувањето на топлинска енергија е дејност од јавен интерес.

Топлификација АД смета дека решението од предложените измени на Законот за експропријација државата може да го користи доколку фирмата која ја врши дејноста трајно се откаже од вршењето на истата, доколку фирмата има трајна неспособност да ја врши дејноста или доколку смета дека фирма под контрола на државата може подобро да ја врши оваа дејност, па на јавниот повик за лиценца даде подобри услови за вршење на дејноста.

Таквото решение не може да се користи доколку на краток рок фирмата која врши јавна дејност има проблеми во работењето, бидејќи за таков случај е предвидено решение во Законот за енергетика.

Експропријацијата на основните средства подразбира разумна надокнада за превземените основни средства. Разумната надокнада значи сопствениците на средствата да не загубат со таквата експропријација. Доколку тоа се реализира на таков начин, експропријацијата не би требала да има никакво влијание на вредноста на акцијата, бидејќи другите дејности на фирмата и другите основни средства остануваат, а фирмата, односно акционерите се разумно обесштетени за одземените основни средства.

**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД**